# СПОГОДБА ВО ВРСКА СО ВОШКИТЕ МЕЃУ УЧИЛИШТАТА И РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ/НЕГУВАТЕЛИТЕ

**(Insert school details)**

Вошките и натаму претставуваат грижа и проблем за некои родители/старатели/негуватели, наставници и деца. Вошките не пренесуваат заразни болести - тие се пренесуваат преку допир на глава со глава со некој што има вошки. Иако родителите ја имаат главната одговорност да ги откријат и лекуваат вошките, контролата и лекувањето на заразите со вошки е одговорност што ја споделуваат повеќе агенции, вклучувајќи ги и Одделот за образование и обука, Одделот за општествени служби, училиштата и родителите. Одделот за образование и обука е одговорен за давање совети и поддршка на училиштата во врска со проверките и лекувањето на вошките.

Оваа спогодба ги зацртува:

- Обврските на училиштето и на родителот/старателот/негувателот;
- Важноста на еден сеопфатен здравствен пристап за да се обезбеди соодветно и ефикасно решение за проблемот со вошките.

***Обврски***

**<u>Родител/Старател/Негувател</u> -** обврските вклучуваат:

- Редовно (најдобро еднаш неделно) да ја прегледуваат косата на нивното дете за да видат дали има вошки или гниди, и редовно да ги проверуваат сите членови на домаќинството и потоа да ги лекуваат ако е тоа потребно;
- Да се погрижат нивното дете да не оди на училиште ако има вошки а не се лекува;
- Да користат безбедно лекување што не го загрозува здравјето на нивното дете (видете во приложениот памфлет *Лекување и контрола на вошките*).
- Да го известат училиштето ако нивното дете е заразено и да го известат училиштето кога почнало лекувањето преку формуларот за *Преземено дејство (Action Taken)*;
- Да ги известат родителите или негувателите на другарчињата на нивното дете за да можат и тие да ги прегледаат и лекуваат нивните деца ако е тоа потребно.

Ги прочитав горните обврски и се согласувам со нив:

**Потпис на родителот/негувателот/старателот: ................................ Датум.......................**

**Потпис на родителот/негувателот/старателот: ................................ Датум.......................**

**<u>Училиште</u> -** обврските вклучуваат:

- Да им дели правилници и информации за откривањето, лекувањето и контролата на вошките на родителите/старателите/негувателите и на персоналот и да има пристапни и јасни утврдени постапки за програмата за проверка што ја применува училиштето;
- Да развива училишни правилници за вошките што засилуваат точен и постојан пристап кон лекувањето на зарази со вошки, што е одобрен од училишниот одбор;
- Да земе писмено одобрение од родителите за да спроведе проверка за вошки; одобрението да го земе при запишувањето и тоа да важи за целиот период на школување во одредено училиште, и да назначи обучено лице (лица), одобрено од директорот и од училишниот одбор, кое ќе ги спроведува проверките за вошки;
- Да ги поттикне лицата овластени од директорот на училиштето, на пример некој учител, со поглед да ја проверат косата на ученикот, односно без телесно допирање на ученикот, ако постои сомнение дека тој има вошки;
- Да ги поттикне родителите/старателите/негувателите да продолжат редовно (најдобро еднаш неделно) да го проверуваат своето дете за вошки, да зазема сочувствен став и да ги советува оние родители кои имаат проблеми со мерките за контрола;
- Да ги поттикне учениците да научат повеќе за вошките за да помогне да се отстрани било какво обвинување или 'злоставување' во врска со овој проблем;
- Да биде свесно дека обврската да го отстрани детето од училиште паѓа на директорот или на лицето одговорно за училиштето, и да биде свесно дека отстранувањето се однесува само на оние деца што имаат живи вошки, а не и на оние што имаат гниди; и да биде свесно за препораката дека учениците треба да бидат отстранети од училиштето по завршувањето на наставата, кога ученикот треба да добие белешка што ќе ја однесе дома за да се извести родителот дека неговото дете можеби има вошки.
- Да биде свесно дека според *Правилникот за здравство (Заразни болести) од 2001 г.,* при враќањето во училиште на дете што се лекувало од вошки не е задолжително да се добие уверение од општ лекар или од општината дека детето веќе нема вошки.
- Кога е тоа соодветно, и во зависност од одлуката на директорот, да издаде известување за предупредување до училишната заедница кога во училиштето биле откриени вошки;
- Да ги поттикне родителите/старателите/негувателите да го наведат применетиот начин на лекување и датумот кога тој почнал во формуларот за *Преземено дејство*.

(insert name of school) се обврзува во врска со вошките да постапува на чувствителен и доверлив начин. Ние се обврзуваме да се придржуваме кон горенаведените обврски.

**Потпис на директорот ........................................................................... Датум .......................**